# Лишена од слобода полицајка: Сопругот со нејзиниот пиштол се заканувал во кафеана во Трубарево

ХРОНИКА 16.02.2026




Вчера во 22:20 часот на ул.„Благоја Стефковски" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишија од слобода А.С.(35) од Скопје. При преглед во возило „бмв" со скопски регистарски ознаки во кое се превезувал со уште едно лице, кај него е пронајден и одземен пиштол.

Тој се сомничи дека на 15.02.2026 во 22:00 часот во угостителски објект во населба Скопско Поле, Трубарево, по претходно недоразбирање, со уште едно лице физички ги нападнале И.Ј.(31) од село Марино, општина Илинден и Б.А.(32) од населба Илинден, општина Илинден, при што А.С. му упатил закани на И.С. со пиштол, сопственост на А.М.(30) од с.Стајковци, скопско, вработена во МВР, која била со нив, информираа од полицијата.

По преземени мерки, на 16.02.2026 во 02:05 часот на подрачјето на Гази Баба во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ја лишија од слобода и А.М.(30), додаваат од МВР.

Лицата се задржани во полициска станица и по целосно расчистување на случајот ќе следува соодветна пријава.




# ПИШТОЛ # ПОЛИЦАЈКА

## препорачана содржина


Тракторите ќе преноќат пред грчкиот парламент


Поплави во седум провинции во Турција: Се урна брана во Анталија, однесе цел ресторан


Тајзи „рипна во тавче" на Денот на вљубените: Љубовна бајка под отворено небо


Вардар убедлив во градското дерби, граби кон титулата


Гаши побара пратениците да бидат покултурни


Утре е Св.Трифун, за многу години

## ПОВРЗАНИ ВЕСТИ


ХРОНИКА | 13.02.2026
**Полицајка од Кочани киднапирала и тепала колешка приправничка**


ХРОНИКА | 20.01.2026
**Пиштол пронајден во „шкода", скопјанец лишен од слобода**


ХРОНИКА | 17.01.2026
**Полицијата пронајде пиштол, електрошок и вага кај кумановец по претрес во Старо Нагоричане**



















## Најнови вести

Филм | **Филмот што го привлече вниманието на светската филмска сцена- „Двајца обвинители" денеска во Кинотека**
16.02.2026

Хроника | **Трагично заврши потрагата по прилепчанецот Виктор Илиоски**
16.02.2026

Култура | **Роденденска недела во театарот „Војдан Чернодрински" од 16 до 21 февруари**
16.02.2026

Филм | **Почина оскаровецот Роберт Дувал**
16.02.2026

Музика | **Еминентните Тимоти Редмонд**



© 2026 Република. Сите права се задржани.